Врз основа на член 25 од Законот за судска служба (Службен весник на Република Македонија бр.43/14, 198/2018) и член , како и член 12, 16 ,17, 28 и 32 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Битола и известувањето од Министерството за финансии бр.08-1741/2 од 25.11.2019 година и согласноста од Судско буџетскиот совет на РМ бр.08-1741/4 од 04.12.2019 година, на ден 10.12.2019 година

**АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2019**
**за вработување на 1 (едно) лица на неопределено време**

**1. Соработник – лице за односи со јавност и човечки ресурси 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101В03002**

Посебни услови:

- најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степан, Факултет за односи со јавност или правен факултет.
- **работно искуство**: најмалку 1 години во струката
- **посебни работни компетенции**: активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски и германски) и **доказ** за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење ( диплома,сертификат,уверение )

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Битола, кандидатот треба да ги исполнува и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија ( државјанство ),
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение) и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност (потврда,или уверение од суд).

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 07,30 часот до 15,30 часот;
Основна нето плата:
- за соработник – лице за односи со јавност и човечки ресурси : 25.672,00 денари

**Времетраење на работниот однос: неопределено**

Кандидатите се должни да поднесат пријава за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар и истите да не се постари од 6 месеци.

Во пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, e-mail адреса, контакт телефон, мобилен или фисен.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници .

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Времето и датумот на одржувањето на административната селекција, испитот и интервјуто се објавуваат на интернет страницата на судот кој го објавил огласот.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставaт преку пошта или во архивата на судот и истата може да се најде електронски на www.asbitola.mk или да се подигне лично од просториите на судот.

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**Ул.Булевар Први Мај бр.63 Битола**
**(со назнака за Јавен оглас број - 2/19)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 35 од Законот за судска служба.